Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 61, 1 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за научната дисциплина транспорт, шпедиција и осигурување на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за областа сметководство и финансии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 18

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 30

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област музичка теорија и педагогија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 37

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област музикологија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 42

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 50

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 61

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармацевтска анализа на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 64

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1702-95/4 од 27.4.2011 година, донесена на седмата седница на Наставно-научен совет на Економски факултет, одржана на 27.4.2011 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област сметководство на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во состав:

1. доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска - (претседател);
2. доц. д-р Александар Костадиновски – член;
3. доц. д-р Круме Николоски – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм” на 14.4.2011 год. и во предвидениот рок се пријавија кандидатите м-р Благица Јованова и м-р Елена Радева.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

1. Кандидатката **м-р Благица Јованова** е родена на 5 октомври 1983 година во Струмица. Основно образование завршува во ОУ „Гоце Делчев“ во Василево, во 1998 година, а матурира во ДСУ „Јане Сандански“ во Струмица, во 2002 год. – насока Економски техничар.

Во учебната 2002/2003 година се запишува на Економски факултет при Стопанската академија „Димитар Апостолов Ценов” во Свиштов, Република Бугарија и во 2006 година се стекнува со право на стручен назив дипломиран економист.

По завршувањето на студиите се запишува на постдипломски студии на отсек Стопанска и финансиска анализа и контрола, на Катедрата за сметководство на Стопанската академија „Димитар Апостолов Ценов” во Свиштов, Република Бугарија. Магистерските студии во траење од три семестри ги завршува со просечен успех од 9,63. Со одбраната на магистерскиот труд „Финансиската анализа - инструмент на финансиската контрола”, кандидатката се стекнува со право на академски степен магистер на економски науки.

Од март 2011 година кандидатката е запишана на трет циклус студии (докторски студии), со траење од три години, на Стопанската академија „Димитар Апостолов Ценов” во Свиштов, Република Бугарија, на Катедрата за сметководство, контрола и анализа на стопанската дејност. Пријавената и одобрена тема за изработка на докторска дисертација носи наслов „Проблеми на анализата на финансиската состојба во услови на криза”.

Во својата работна кариера, во областа на сметководството, кандидатката е ангажирана како стручен соработник во Одделот за сметководство на ДТУТ „Столе компани–м” – Струмица, со работно искуство од една години и три месеци. Кандидатката има особен придонес во реализацијата и учество во повеќе проекти како активен член во организацијата на НВО Здружение на граѓани „Екумена” - Василево (Струмица), преку проекти финансирани од странски и домашни донатори. Проектите се именувани како: „Бир ики”, „Ликовен еко-монмартр” и „Кружно движење на отпадот”.

Во периодот од ноември 2009 година до 30 април 2011 година, м-р Благица Јованова е ангажирана како волонтер во наставно-образовната работа на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Покрај активното користање на англискиот, бугарскиот и српскиот јазик, кандидатката одлично ги познава компјутерските програми: Ms Office, Word, Excel, PowerPoint, Visio, Microsoft Outlook, Busi-ness in a Box, Internet.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката м-р Благица Јованова достави список на **објавени научни и стручни трудови** со кои се согледува научната активност, од кои поважни се следниве:

1. Универзитет „Д.А Ценов" – Свиштов, Јубилејна научна конференција со меѓународно учество „Теорија и практика на контролата – состојба и перспектива". Стручно-научен труд: Организација на финасиска контрола во Република Македонија ISBN 954-23-0246-0;
2. Academic publishing house "Cenov"-Svishtov Narodnostopanski Arhiv Year LXIII,vol.1-2010 "The Foreign Trade of Bulgaria in the Period 2000-2008-Trends and problems" ISSN 0323-9004;
3. Магистерски труд „Финасиска анализа – инструмент на финансиска контрола";
4. Универзитет „Д.А Ценов" – Свиштов, Јубилејна меѓународна научна конференција „Хоризонт 2020". Стручно-научен труд: „Оптимизам или нереални очекувања и надежи за решавање на глобалните проблеми со кои се соочуваат Европа и светот" ISBN 978-954-23-0481-4;
5. „Финасиска контрола – споредба на организацијата во Република Бугарија и Република Македонија" (во печат);
6. Јубилејна меѓународна научна конференција „Современи мерки на трговскиот бизнис – комуникација помеѓу науката и праксата" 12-13 мај 2011. Стручно-научен труд „Финансиски, инвестициски и извештајни проблеми на трговскиот бизниз" (во печат).

***Трудови во процес на издавање***

1. „Влијание на економската криза во Република Бугарија и Македонија" Проф. д-р Александар Костадиновски, м-р Благица Јованова.
2. „Размена на стоки меѓу Македонија и Бугарија" Проф. д-р Ристо Фотов, м-р Благица Јованова.
3. Меѓународна научна конференција, 24-25 јуни 2011. Стручно-научен труд „Кензијанска теорија - современ излез од кризата; проблеми и решенија".
4. Меѓународна научна конференција, 7-9 септември 2011. Стручно-научен труд „Контрола на финансиската состојба и финансиските резултати".

**Евалуација на трудот број 1: „Организација на финансиска контрола во Република Македонија"**

Во овој труд се претставени и анализирани органите во состав на Министерството за финансии во Република Македонија: Управа за финансиска полиција, Царинска управа, Државен девизен инспекторат, Управа за јавни приходи, Дирекција за спречување на перење пари, Управа за имотно-правни работи. Трудот ги презентира надлежностите и составот на Управата за финансиска полиција, како орган со посебни овластувања, согласно со Законот за кривична постапка кој се грижи за доследна примена на прописите, особено од областа на финансиското, даночното и царинското работење.

Со новиот закон прецизно се уредија надлежностите и овластувањата на Управата за финансиска полиција при откривање и гонење на сложени форми на организиран финансиски криминал во Република Македонија.

Анализата направена во овој труд ги евалуира надлежностите кои ги има Управата за финансиска полиција: спроведување финансиска контрола, следење на примената на даночните, царинските и други прописи од областа на финансиите, прибирање и анализирање податоци за готовински трансакции, преземање предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела од областа на организиран финансиски криминал и кривични дела коишто се гонат по службена должност, како што

се: даночно затајување, перење пари и други приноси од казниво дело, даночни, банкарски, осигурителни, берзански, царински и други измами, со износи од значителни и големи размери.

Овој труд посебно внимание им посветува на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола кој го кординира и унапредува системот на јавна внатрешна финансиска контрола, преку неговите три компоненти: финансискиот менаџмент и контрола, внатрешната ревизија и нивната хармонизација. Одделението за внатрешна ревизија на Министерството за финансии планира, организира и спроведува ревизии, согласно со законските прописи, меѓународните стандарди за внатрешна ревизија, воспоставените ревизорски политики и етичкиот кодекс.

**Евалуација на трудот број 2: "The Foreign Trade of Bulgaria in the Period 2000-2008-Trends and problems" („Надворешна трговија на Бугарија во период од 2000 до 2008 година - тенденции и проблеми")**

Темата се фокусира на актуелниот и значаен проблем на Република Бугарија, поврзан со водењето на нејзината надворешна политика. Предмет на истражување е периодот 2000 - 2008 година. Разгледени се десетте водечки држави во увозот и извозот, преку анализирање на општите показатели за размената на стоката.

Во разработката на трудот се формулирани основни заклучоци кои се однесуваат на главните тенденции и проблеми во однос на десетте водечки држави на релација увоз и извоз кој го остварува Република Бугарија за време на разгледаниот период. Истражувањето се заснова на објавените статистички податоци за движењето на надворешната трговија на Република Бугарија, на податоците од веб-страницата на Министерството за економија, енергетика и туризам - http:www.mi.goverment.bg и останата надворешно-трговска статистика.

**Евалуација на трудот број 3: „Финансиска анализа – инструмент на финансиска контрола"**

Во магистерскиот труд на кандидатката м-р Благица Јованова, со вкупно 204 страници, таа ги опфаќа суштинските, методолошките и применетите аспекти на финансиската анализа и финансиската контрола, кои се претставени како важни инструменти на контролната дејност. Методолошкиот пристап на анализата, контролата и проблемите во нивната организација и користење се разгледани во услови на суштинска нормативна база во две соседни држави, но и од гледна точка на ЕУ. Трудот ги презентира првенствено теоретско-методолошките насоки, но се образложени и некои од основните карактеристики на анализата и контролата, од гледна точка на испитувањето на финансиските аспекти на бизнисот.

Посебно внимание во трудот е посветен на организацијата на финансиската контрола во Република Македонија и во Република Бугарија. Направените резимеа и заклучоци за резултатите од контролната дејност во двете држави се илустрирани во неколку фигури и дијаграми.

Значаен придонес во истражувањето е одговорот на важни прашања од развојот на контролата во услови на соединување кон ЕУ. Ова доведува до заклучок дека трудот се одликува со одлично теоретско методолошко ниво, меѓутоа ги синтетизира и проблемите во организацијата на финансиската анализа и контрола во Република Македонија и во Република Бугарија, со што предлага практични решенија за нивно усовршување.

**Евалуација на трудот број 4: „Оптимизам или нереални очекувања и надежи за решавање на глобалните проблеми со кои се соочуваат Европа и светот"**

Овој труд ја анализира новата стратегија на Европската унија во однос на проблемите предизвикани во последните години од човековата активност врз животната средина. Таа идентификува конкретно формулирани цели и преоритети за европскиот развој и економија, кои ќе придонесат за намалување на негативните влијанија кои се и фактори за создадените глобални проблеми во светот.

Трудот ги презентира глобалните проблеми поврзани со животната средина и одржливиот развој, на кои се базира и стремежот да се преземат неопходните мерки во

областа на новите предизвици за светот, што произлегуваат претежно од климатските промени и природните ресурси. Генерално е анализирано како зелената економија на Европската унија се базира на воспоставување на одржлив економски развој и економски раст. Кандидатката во трудот истакнува дека преку своите позиции Европската унија треба да обезбедува развој, иновации и технологија, кои овозможуваат реализација на приоритетите и истовремено ги зајакнуваат конкурентните позиции на Унијата. Таа додава дека е потребно да се комбинираат различни компоненти и индикатори кои одговарат соодветно на начинот на изградбата на зелената економија, во согласност со силно изразената еколошка ориентација.

**Евалуација на трудот број 5: „Финансиска контрола – споредба на организацијата во Република Бугарија и во Република Македонија"**

Овој труд ги разгледува и анализира аспектите на организација на финансиската контрола, преку споредба на истите меѓу двете држави Република Бугарија и Република Македонија. Врз база на основните теоретски концепти, авторката ги анализирана суштината и значењето на финансиската контрола, и ги прикажува практичните аспекти, активностите на основните органи и институции, нивните надлежности, начинот на остварување на контролната единица и др.

Во современи услови на работење контролата е присутна во секоја област на општествениот живот. Во својство на активност контролата има одредена организација и функционална самостојност и е важен елемент во системот на државно управување, преку задачите за поддршка на целите на државата во областа на нејзината финансиска политика. Истовремено контролата се јавува и како фактор кој обезбедува зголемување на ефикасноста во работата на јавните организации. Како резултат на тоа организацијата на финансиската контрола е исклучително важен и актуелен проблем и во двете држави.

Очигледно е дека и покрај тоа што Република Македонија е само асоцијативна членка, таа се обидува во многу поголема мера да обезбеди посилно изразена ефикасност, додека напорите и побарувачката на решение за проблемите во Република Бугарија се многу помалку изразени. Концептите за ефективност, ефикасност и економичност во внатрешната и надворешната финансиска контрола и ревизија може да бидат еден од вградените механизми за постигнување на ефикасност и подобар квалитет на понудените услуги, утврдување на права и надлежности и утврдување на специфичните методи за проверка.

**Евалуација на трудот број 6: „Финансиски, инвестициски и извештајни проблеми на трговскиот бизнис"**

Овој труд ги обработува финансиските, инвестициските и извештајни проблеми во трговскиот бизнис. Целта на трудот е да биде претставена целосна алтернатива за решавање на проблемите во трговскиот бизнис. Овие проблеми постоеле секогаш, но со почетокот на кризата во 2007 година тие се предлабочуваат и стануваат доста сериозни и забележливи во големите и малите претпријатија.

Трудот ги презентира основните канали за појава на влијанието на кризата во трговскиот бизнис: намалување на раст на пазарите во ЕУ и САД, со што се намали растот и на извозот, намалување на директните странски инвестиции што доведува до слаба инвестициона активност и намалување на растот на кредитирање во економијата, со кои се намалува приливот на капитал, заедно со повисоките камати што доведува до ограничување на пристапот до кредит и намалување на домашната побарувачка, пад на растот на вработеноста, генерално забавување на економската активност (рецесија). Намалувањето на меѓународните цени како последица на кризата се одрази во пониски цени на извозот и увозот што доведува до намалување на цените во земјата. Причината за тоа е глобалниот економски модел, при што силните корпорации бараат нови пазари и стануваат главни играчи врз економите на земјите во развој. Како резултат на кризата, на пазарот ќе останат само најсилните организации, а кои се тие ќе покажат пред сѐ нивните стратегии за справување со негативните влијанија на кризата.

2. Кандидатката **м-р Елена Радева** е родена на 16 април 1985 година во Штип. Основно училиште завршува во 1999 година во ОУ „Гоце Делчев" во Штип. Со средно

образование се стекнува во гимназијата „Славчо Стојменски“ во 2003 година, Природно-математичка насока. Во 2007 година дипломира на Факултетот за администрација и менаџмент на информатички системи во Битола, со средна оценка 7.83. Магистрира на 22 март 2011 година на Факултетот за администрација и менаџмент на информатички системи во Битола, со средна оценка 9,5 на тема „Степенот на учество на граѓаните во процесот на донесување одлуки во локалната самоуправа во Р. Македонија“.

М-р Елена Радева во периодот јули – декември 2009 година е ангажирана во Локалната самоуправа во Општина Штип. Кандидатката има познавање на англиски, италијански и германски јазик. Од информатичките алатки успешно ги владее: Windows XP, Microsoft Office, AutoCAD, Internet, Linux и др.

## МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ

Кандидатката м-р Елена Радева има дипломирано и магистрирано во областа јавна администрација, според што не го исполнува критериумот да поседува образование во областа сметководство. Кандидатката нема искуство во научна-образовна и научноистражувачка активност во соодветната област.

Кандидатката м-р Благица Јованова има поднесено комплетна документација која се бара во Конкурсот. Перманентниот интерес на кандидатката за научноистражувачка работа во областа сметководство се потврдува со објавените научни и стручни трудови. Научноистражувачката работа на кандидатката е континуирана и ја потврдуваат нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната и поширока област и проблематика за којашто конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека м-р Благица Јованова ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му предложи **кандидатката м-р Благица Јованова да ја избере во звањето помлад асистент за наставно-научната област сметководство.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска – претседател, с.р.**
**Доц. д-р Александар Костадиновски – член, с.р.**
**Доц. Д-р Круме Николоски – член, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на м-р Благица Јованова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Реден број од прегледот за наставно-образовна (НО) дејност - Правилник за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип (Универзитетски гласник бр.12, декември 2009, стр.119-122) | | | |
| Научноистражувачка (НИ) дејност | | | |
| 1. Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| 2. Учесник во научен проект | 3 | 2 | 6 |
| Стручно-апликативна дејност | | | |
| 3. Труд во стручно списание (во земјава) | 4 | 2 | 8 |
| 4. Труд во стручно списание (во странство) | 2 | 4 | 8 |
| ВКУПНО: | | | 26 |